Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/39

# З А П И С Н И К
од Триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 април 2020 година

Скопје, април 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 април 2020 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Хусни Исмаили, министер за култура, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Цемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Дваесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 9 април 2020 година

2. Предлог – одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите

3. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за акредитација за време на вонредна состојба

4. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за време на вонредна состојба

5. Предлог - уредба со законска сила за примена на Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности

6. Информација за потребата од пристапување кон и потпишување на Заедничкиот договор за набавка на лекови и медицинска опрема помеѓу Република Северна Македонија и Европската комисија.

7. Кадровски прашања

8. Прашања и предлози

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Дваесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 9 април 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, Владата заклучи:

1. Се воспоставува централен механизам за примање, следење и распределување на сите донации и помош што Република Северна Македонија ги добива и со истиот да раководи д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања како Национален координатор за странска помош (НИПАК).

Примените донации и помошта да бидат примени и складирани централизирано, на едно место – склад и истите да се распределуваат согласно потребите и приоритетите по доставени барања од страна на државните институции.

2. Донесе Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредната состојба, во насока членот 3 од истата да се дополни и со вработените во затворската полиција.

Соодветно на ова, да се дополни и Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработени во јавен сектор за време на вонредната состојба, во насока членот 2, ставот 3 да се дополни со вработените во затворската полиција и истата да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

3. Донесе Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба, во насока членот 3 –з да се дополни со припадниците на Армијата на Република Северна Македонија што ги обезбедуваат затворите.

**Точка 2**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите, во предложениот текст.

Точка 3

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акредитација за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

Точка 4

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

Точка 5

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии и со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во делот на донаторската сметка на Владата.

Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од пристапување кон и потпишување на Заедничкиот договор за набавка на лекови и медицинска опрема помеѓу Република Северна Македонија и Европската комисија, со текст на Заедничкиот договор, ја усвои Информацијата и го овласти д-р Венко Филипче, министер за здравство да го потпише и соодветно имплементира Заедничкиот договор за набавка на лекови и медицинска опрема со Европската комисија.

Точка 7

По оваа точка немаше предлози.

Точка 8

1. Владата го разгледа Барањето за согласност за спроведување на постапки за јавни набавки доставено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат и притоа заклучи:

1) Одобри продолжување на набавката на две моторни возила која е предвидена со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Државниот санитарен и здравствен инспекторат со проценета вредност на набавката без вклучен ДДВ од 1.101.695,00 денари.

2) Набавката на гориво (моторен бензин и дизел гориво) за моторни возила со проценета вредност на набавката без вклучен ДДВ кој изнесува 1.525.424,00 денари да ја реализира согласно Годишниот план за јавни набавки за 2020 година.

**2.** По повод предлогот на Горан Милевски, министер за локална самоуправа, се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство да ја информира Владата во однос на имплементирањето на Уредбата со законска сила за исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредната состојба, имајќи го предвид член 112 став (2) од Законот за работните односи во однос на тоа дали надоместокот на платата за отсуство од работа поради користење на годишен одмор треба да се исплаќа согласно донесената Уредба, а доколку е потребно Министерството за труд и социјална политика да подготви и до Владата да достави соодветно изменување на Уредбата во функција на нејзино прецизирање во овој дел.

**3.** Владата ги разгледа барањата доставени од Општина Могила, под број 08-313/17 и 08-313/18 од 8 април 2020 година и истите ги одобри.

**4.** Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година, во предложениот текст.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 13:40 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |